**Извештај за учество на членовите на Планктониум и подмладокот на здружението во кампањата „Македонија без отпад 2012„**

Членовите на „Планктониум“ како и подмладокот на здружението зедоа учество во акцијата која беше иницирана од граѓанскта асоцијација Ајде Македонијо, под покровителство на Министерството за животна средина и просторно планирање, а кон која се приклучија и шведскиот и словачкиот амбасадор, г-ин Ларс Валунд и г-ин Роберт Кирнаг.

Со оваа кампања, граѓаните на Република Македонија се вклучија во глобалната акција - Let’s do it! World 2012, која е и официјално поддржана од Европскиот Парламент и се одвива во 85 земји.

На 6-ти октомври, 2012 година отпадот се чистеше на 436 локации во 50-тина општини во државава. Акцијата ја поддржа и Градот Скопје како и скопските општини Центар, Карпош, Кисела Вода, Бутел, Гази Баба, Аеродром и Ѓорче Петров. Со свои активности се вклучија и други министерства, Дирекција за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, ЈП Македонски шуми и сите јавните комунални претпријатија, ЗЕЛС, Регионалниот центар за животна средина во Македонија (РЕЦ), компанијата ПАКОМАК, Црвен Крст на Македонија, PEACE CORPS волонтери, извидниците од клубот „Јадран“и др.

„Планктониум“ учествуваше во расчистување на отпадот во Градскот парк во Скопје.